**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**
Број: 09-52/3
03.06.2024 година
Велес

| | |
|---|---|
| **ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 31 Јануари до 02 Февруари 2024 година |
| **Број на извештај:** | **2** / Вардарски регион / 2024 год. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Стојчевски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 1 |
| **Основач на училиштето:** | општина Кавадарци |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 404 |
| **Полова структура на ученици:** | 198 машки и 206 женски |
| **Број на наставници:** | 56 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Тодорка Тренчева |
| **Директор на училиштето:** | Ѓорѓи Ѓорчев |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 11 до 13 Април 2018 год. |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. „Браќа Хаџи Тефови“ бр.40 Кавадарци |
| **Телефон:** | 043 411 169 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-dimkataangelovgaberot-kavadarci@schools.mk |
| **оценка од ИЕ** | **3,40- добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 20, 24, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.в. на Република Македонија“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15 и 145/15) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. в. на РМ“ бр. 86/06).

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024година и Законот за просветната инспекција од 31 Јануари до 02 Февруари 2024 година, тим од три државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во работата на Основно општинско училиште „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека квалитетот во работењето на училиштето е подобрен, односно квалитетот во работењето на Основно општинско училиште „Димката Ангелов Габерот“, Кавадарци е **добро (3,40)**.

Наставата во училиштето се остварува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Бесплатните учебници кои ги обезбедува Министерство за образование и наука не ги задоволуваат во целост потребите на училиштето.

За реализација на наставата во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение според новата концепцијата, училиштето има обезбедено во секоја училница еден лаптоп комјутер со смарт табли, поврзани со Интернет. Наставата по физичко и здравствено образование се изведува во нова спортска сала и на отворен спортски терен. Училиштето ги информира учениците и родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
Училиштето е инклузивно и има училишен тим за инклузија. Во редовната наставата нема вклучено ученици со посебни образовни со категоризација од Меѓународната класификација на функционирање (МКФ). Во училиштето има 34 ученици со потешкотии во учењето и со истите наставниците работат по диференциран приод и добиваат општа подршка. Во училиштето има делегирано дефектолог од центарот за поддршка од Основно општинско училиште,,Страшо Пинџур,,- Кавадарци.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите, барањата и можностите на учениците. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото упатство - Водич за слободни изборни предмети. Училиштето реализира проширена програма - продолжен престој во формирани две групи, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.

Училиштето од учебната 2012-2013 година е вклучено во Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието(МИО) и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено потвторно во новиот во проектот Мултиетничка интеграција во образованието (МИО). Училиштето има потпишано Меморандум за партнерство со Основно општинско училиште „Дрита“ од с.Рашче, општина Сарај. Во последните три години реализирани се само заеднички активности од далечина.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Најголем број од наставниците ги вградуваат во нивните планирања.

Во училиштето се реализираат 25 слободни ученички активности – секции со кои се опфатени речеси сите ученици и во кои влијанието на учениците е особено изразено при осмислување на содржините и актовностите кои се реализираат.

Во училиштето се реализираат бројни воннаставни активности. Учениците и родителите имаат влијание врз програмите за воннаставните активности. Има формирано спортски клуб кој е активен. Училиштето ги обезбедува основните

финансиски средства за учество на учениците на натпревари. Ученици учествуваат на ученички натпревари по неколку предмети.

Училиштето прибира податоци и изготвува полугодишни и годишни статистички извештаи за постигањата на учениците, и врши анализа на прибраните податоци. Средниот успех на учениците бележи тренд на зголемување, од 4,03 во учебната 2020/21 година на 4,00 во учебната 2021/22 година и 4,37 во учебната 2022/23 година. Постигањата на учениците Роми се помали од постигањата на учениците Македонци. Во училиштето има потреба од анализи и конкретни препораки во насока на подобрување на постигањата на учениците Роми.Во училиштето по нивно барање доставено до Министерството за образование и наука и има ангажирано Ромски образовен медијатор делгиран од Министерството за образование и наука.

Училиштето има систем за препознавање и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со пречки во развојот. Учениците и родителите се задоволни од поддршката на учениците преку дополнителната и додатната настава. Во редовната настава поголем број од наставниците избираат активности прилагодени на можностите и потребите на надарените ученици и учениците со тешкотии во учењето.

Запишувањето на учениците во прво одделение во училиштето е со благо намалување од 56 деца запишани во прво одделение во учебната 2021/22., 48 деца запишани во прво одделение во учебната 2022/23 и се зголемил на 42 во учебната 2023/24 година.

Просечниот број на оправдани изостаноци по ученик бележи благо зголемување од 31,7 во учебната 2020/21 на 34,5 во учебната 2021/22 година и40,4 во учебната 2022/23година. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик бележи благо зголемување од 6,3 во учебната 2020/21 на 7,.2 во учебната 2021/22 година и 10,2 во учебната 2022/23 година. Бројот на неоправдани изостаноци по ученик кај учениците Роми е поголем од оној кај учениците Македонци. Во училиштето има потреба од анализи и конкретни препораки во насока на подобрување на редовноста на учениците Роми.

Во последните три години од училиштето се осипале 44 ученици кој во најголем број се поради заминување во странство и 9 ученици го повториле одделението додека по барање на родителите 6 ученика биле задржани во истото одделение.

Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речиси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниците ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно планирање следните чекори во учењето. Планираните активности на поголем број наставници се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на потребите и можностите на учениците.

Наставни форми, методи и техники се користат на часовите но не секогаш се прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Поголем број на наставници користат различни приоди за сите ученици додека помал број наставници користат најчесто исти приоди за сите ученици. Поголем број наставници користат разновидни интерактивни техники и диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Домашните задачи кај поголем број наставници не се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците.

Најголемиот број од наставниците ги користат интерактивните табли за дигитални презентации и користат Информатичко комјутерска технологија (ИКТ) при реализацијата на наставата.

Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа.

Училиштето има процедура и инструменти за следење на наставниот процес. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки.

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Ученичката заедница активно е вкучена во реализирањето на воннаставните активности како и во разни проекти кои училиштето ги работи во соработка со други установи.

Училиштето нема дефинирана политика за оценувањето, но има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување, но мал број ги запознаваат учениците и родителите со истите. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека оценувањето е транспарентно и објективно.

Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и редовно ги информираат за постигањата на учениците.

Училишниот простор и инфраструктурата се безбедни за изведување на наставата. Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи заради постапување во случај на елементарни непогоди. Последната симулација е изведена во 2018 година.

Најголемиот број вработени на потребите и грижите за децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето има Програма за намалување на насилството во училиштето и има направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување кој се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има интерен акт - Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, но има примери кога неколку ученици во континуитет вознемируваат други ученици. Има потреба од доследна примена на упатството.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции и има пишани процедури за регистрирање и постапување во случај на појава на ваквите состојби. Училиштето не води грижа за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во своето непосредно опкружување. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување на дополнителни средства.

Хигиената во училиштето редовно се одржува. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот и се дезинфицираат повеќе пати во денот. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените. Во соработка со здравствените установи, навремено и редовно се спроведуваат систематските прегледи на учениците.

Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, но има воспоставена практика на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, и психологот користи инструменти за идентификување на овие ученици и презема конкретни мерки за секој ученик со цел ученикот и родителот да се справат со емоционалните потешкотии на ученикот.

Училиштето на учениците од деветто одделение им обезбедува релевантни информации за можностите за нивно понатамошно образование со можноста за вработување и потребното образование со кое треба да се стекнат.

Училиштето е препознаено во своето опкружување по грижата на воспитно-образовниот кадар за безбедноста, сигурноста и постигањата на учениците. Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар е почитуван од учениците и родителите. Најголемиот број вработени и ученици се горди што се дел од училиштето, го препознават како свое училиште и се грижат за неговиот углед.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, родителите, наставниците и другите вработени кој е усвоен од сите структури во училиштето низ демократска процедура и пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата пропишани со кодексот. Најголемиот број ученици и вработените ги почитуваат Кодексот на однесување и Куќниот ред на училиштето. Во училиштето владее заемно почитување и вклученост на учениците Македонци и учениците Роми во училишниот живот. Најголемиот број ученици, без оглед на полот, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Во училиштето има формирано Ученички парламент, во кој членовите се избрани на демократски начин со тајно гласање и кој работи според сопствена програма за работа. Работата на Ученичкиот парламент е поддржана од директорот и стручната служба. Ученичката заедница не ги разгледува полугодишните и годишните извештаи за работата на училиштето.

Училиштето ги промовира групните и личните постигања на учениците при одбележување на патрониот празник на училиштето, на Фејсбук страната и на Интернет страната училиштето. Секоја година се прогласува ученик на генерацијата. Во екипните натпревари тимовите се со мешан етнички состав. Училиштето има правилници за видовите пофалби и награди на учениците и наставниците. Учениците кои освоиле награди, училиштето ги наградува со книги, енциклопедии и пофалници.

Најголемиот број вработени во училиштето ги знаат правата на децата и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло. Во училиштето има ученички правобранител, истиот е активен, но поголемиот број од учениците не се запознаени со неговата улога во промовирање, заштита и унапредување на нивните правата.

Родителите во работата на училиштето се вклучени преку Советот на родители и Училишниот одбор. Најголемиот број родители се задоволни од комуникацијата со раководниот и воспитно-образовниот кадар и ја ценат нивната подготвеност за комуникација во било кое време. Училиштето има активна соработката со локалната заедница. Училиштето повремено остварува соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор .

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите инфраструктурни капацитети за изведување на наставата и на вонnаставните активности кои во целост ги задоволува потребите на учениците.

Снабденоста на училиштето со технички помагала во целост ги задоволува потребите на наставниците. Покрај тоа, училиштето е опремено со нагледни средства по одредени предмети, како и со потребните нагледни средства за успешно реализирање на наставата во I, II, III, IV, V и VI одделение, каде наставата се реализира според новите наставни планови и програми. Информатичко-компјутерска техника која е инсталирана во училници е функционална и се користи при реализирањето на наставата.

Училиштето има библиотека која располага со вкупно 13.855 примероци на книги, од кои најголем број се детска литература и лектирни изданија и тоа 13192 примерока а само 347 примероци се стручна литература и 316 примероци на литература на странски јазици. Во библиотеката работат двајца наставници со по пола работно време кои дополнуваат до полно работно време. Евиденцијата во библиотеката се води во електронска и хартиена форма.

Училиштето има обезбедено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата по: ликовно, физика и природни науки ја реализираат наставници од други училишта. Од 56 наставници, 55 се со содветно образование и еден е со несоодветно образование. Во училиштето има еден наставник со звање - наставник ментор. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар. Професионални досиеја на воспитно-образовниот кадар редовно се ажурираат.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Сите членови на Училишниот одбор на ООУ „Димката Ангелов Габерот" – Кавадарци, се со важечки мандати. Училишниот одбор работи според свој деловник за работа и сопствена Годишна програма која е во прилог на проширената годишна програма за работа на училиштето. Најголем број на членовите на училишниот одбор немаат посетувано обука за успешно извршување на улогата на управување.

Во своето работење директорот е насочен кон подобрување на постигнувањата на учениците и севкупниот углед на училиштето. Преку ефективно остварување на приоритетите на училиштето препознаени во Програмата за развој на училиштето, угледот на училиштето како и квалитетот на воспитно-образовниот процес се видливо подобрени на задоволство на вработените, учениците и родителите.

Училиштето нема пропишани процедури, но има воспоставени практики за донесување на развојните и програмските документи. Голем број од воспитно-образовниот кадар активно е вклучен во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели. Во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели, како и во нивното остварување, родителите и учениците се вклучени само преку нивните претставници во органите и телата на училиштето.

Училиштето има Статут (со бр. 01-51/1 од 23.01.2020 год.) за кој Министерство за образование и наука има дадено согласност (со Решение УП1 бр. 18-301 од 11.02.2020 год.) Училиштето има направено измена и дополнување на Статутот на училиштето за негово усогласување со Правилникот за жртви на насилство кое е архивирано во училиштето со бр.01-15/1 од 22.01.2024 година.

Во Развојната програмата за работа на училиштето (со бр. 08-385/1 од 24.11.2021г) за период од 2021 до 2025 година во која е зацртана визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години. Самоевалуацијата е за учебните 2021/22 и 2022/23 години. Во Извештајот од извршената самоевалуација (со бр. 08-227/2 од28.06.2023 год.) прецизно се набележани јаките страни во работењето и предлог мерки за подобрување на квалитетот во работењето.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година (со бр. 02-273/2 од 17.07.2023 год.) е усвоена од УО со Одлука со бр. 02-271/2 од 17.07.2023 год. и е донесена од Советот на општина Кавадарци со Одлука со бр. 08-5302/5 од 29.08.2023 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Димката Ангелов Габерот"Кавадраци е лоцирано во централното градско подрачје на Кавадрци.

Училишната зграда во која што работи Основно општинско училиште „Димката Ангелов Габерот", Кавадарци е тврда градба која е изградена во 1935 година. Училиштето се наоѓа во центарот на град Кавадарци.

Училиштето е основано од Собранието на општина Кавадарци со Акт за основање Ус.бр. 100/65 од 28.12 1965 година. Училиштето има направено последна промена во Централен регистар на Република Северна Македонија со бр. 30620210000018 од 15.01.2021 година. Училиштето е регистрирано за вршење на дејност по шифра 85.20 – основно образование. Дејноста на училиштето е верификувана со Решение за верификација издадено од Министрество за образование и наука бр. 10-2746/1 од 03.06.1992 година.

За остварување на воспитно-образовната работа училиштето располага со: 24 училници, 3 кабинети, библиотека, спортска сала и спортски терени.

Наставата се одвива во две смени, на македонски наставен јазик. Воспитно-образовната работа ја остваруваат 56 наставници, од кои 3 од други училишта. Наставата ја помагаат стручни соработници педагог и психолог .

Во учебната 2023/24 година во училиштето учат вкупно 404 ученици од прво до деветто одделение, распоредени во 36 паралелки, по четири во секое одделение. Сите паралелки се со број на ученици помал од 20, за што училиштето има обезбедено согласност од основачот. Во училиштето приближно 16% од учениците се Роми. Реонот на училиштето го опфаќа централното градско подрачје.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Во Основно општинско училиште „Димката Ангелов Габерот“ -Кавадарци, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во I, II, III, IV, V и VI одделение се реализира согласно новата концепција за основно образование и наставните планови и програми за учебната 2023/24 година. За реализација на наставните програми, Министерството за образование и наука обезбедува бесплатни учебници. Учебниците кои се користат во поголем број се нови, а помал број се дотраени. Поголем број од наставниците укажуваат на неусогласеност на учебниците со наставните планови и програми и на бројни печатни грешки.

Во училиштето се реализира наставната програма „Образование за животни вештини“. За нејзино реализирање најголем дел од наставниците имаат посетено обука. Програмата ја реализираат одделенските наставници на часовите на одделенската заедница и слободни ученички активности и тоа преку разни активности, предавања и работилници. Програмата се реализира согласно Прирачникот за Образование за животни вештини од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветто оделение. За реализираните содржини се води уредна документација.

Наставната програма по физичко и здравствено образование се изведува во нова спортска сала и на отворен спортски терен кога временски услови го дозволуваат тоа.

Училиштето ги информира учениците и родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција. За таа цел користи: брошура за училиштето, веб страната, ФБ страна, огласна табла во училиштето,локална ТВ, локален весник - „ Информатор на општина Кавадарци“.

Во редовната наставата со инклузија вклучен е еден ученик со специјалистички извештај за кој е поднесено барање до Меѓународната класификација на функционирање. Наставниците и психологот вршат проценка со интерен документ за идентификување на ученици со посебни образовни потреби. Во проценката се вклучува повремено и специјален едукатор и рехабилитатор делегиран од страна на Центарот за поддршка од Основно општинско училиште „Страшо Пинџур“- Кавадарци.

Во училиштето наставниците во соработка со училишниот психолог има идентификувано 34 ученици со потешкотии во учењето. Согласно идентификуваните потреби на овие ученици, се работи на прилогодување на наставата преку диференциран приод кон учениците во рамки на редовната настава, дополнителна настава и индивидуална поддршка од стручната служба и наставниците од училиштето.

Училиштето нема ангажирано образовен асистент од причина што учениците кои училиштето ги упатило на проценка сè уште не се повикани до страна на Меѓународната класификација на функционирање. Индивидуалниот образовен план се изработува од инклузивниот тим формиран за ученикот. На ниво на училиште е формиран училишен инклузивен тим составен од: директорот на училиштето, педагогот, психологот, одделенски наставник, еден предметен наставник и родителот. Одлуката за формирање на инклузивен тим од страна на Директорот е со бр. 02-70 /1 од 12.03.2021 година. Училишниот инклузивен тим има изготвено програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, невладините организации, локалната средина. Училиштето има интерна

процедура за изготвување на индивидуални образовни планови со поддршка на стручната служба во училиштето.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со спроведени анкети два пати и тоа на крајот од претходната и почетокот на учебна година со доследно почитување на потребите, барањата и можностите на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од 12 изборни предмети. Од нив избрани се по еден наставен предмет за првото полугодие и втор наставен предмет за второто полугодие. Предмети во четири подрачја во IV ,V, VI до VII одделение од кои понудени им се четири наставни предмети, а одбран е по еден изборен предмет за целата учебна година со нагласување дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите така што за учениците од трето и четврто одделение, родителот е тој кој избира изборен предмет. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото упатство - Водич за слободни изборни предмети кое важи само за учениците од I до III одделение. Стручната служба заедно со директорот изготвува извештај во кој се наведуваат изборни предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година.

Училиштето реализира проширена програма заведена со бр. 08-327/2 од 5.09.2023 година, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. За реализација на организираното прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава за учениците од прво до трето одделение, училиштето има изработено програма по која се одвива истата.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба во училиштето има направено посебни истражувања за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми од родителските состаноци и од Советот на родители. Училиштето од учебната 2012-2013 година е вклучено во Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието(МИО) и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено во проектот Мултиетничка интеграција во образованието (МИО). Училиштето има потпишано Меморандум, договор за партнерство со Основното општинско училиште „Дрита“ од с.Рашче, општина Сарај, во октомври 2014 година. Во рамки на својата годишната програма за работа, училиштето планира заеднички и самостојни активности со меѓуетничка интеграција на младите во образование . Пред пандемијата од Ковид 19, во учебната 2019/20 година, реализирана е посета на партнер училиштето и изведени се повеќе заеднички активности како на пример : еко работилници, мултикултурни полигонски игри, брошура-тријазичник именувана како „Дрво на пријателство“. Поради пандемијата од Ковид 19, потоа реализирани се и онлајн заеднички активности меѓу кои и изработка на новогодишни честитки со двете училишта. После 2019 година заради пандемијата Ковид 19 организирани се само онлајн заеднички активности. Самостојни активности училиштето практикува да реализира секоја учебна година. Наставниците интегрираат содржини за меѓуетничка интеграција, мултикултурно учење во рамки на наставата. Од учебната 2022/23 година училиштето има ангажирано волонтер од Мировниот корпус кој дава поддршка на наставниците по англиски јазик во редовната настава и исто така со тоа реализира мултикултурни активности преку воннаставни активности. Изминатите две учебни формиран е клуб на читатели- секција, и интеркултурен камп. Во рамки на наставата се интегрираат и самостојни Мултиетничка интеграција во образованието (МИО) содржини.

Во изминатите три години училиштето е вклучено како партнер и во два интернационални проекти преку Еразмус плус програмата во рамки на кои учениците и

наставниците учествуваат на неколку интернационални размени со училишта од другите партнер држави. Во училиштето се реализираат активности и во рамки на проекти од Е-твининг платформата преку организирани онлајн активности со училишта од други држави, (проекти од екологијата, мултикутура).

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат голем број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, учество на трибини, предавања , конкурси и натпревари, посета на институции.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Делумен број од наставниците ги вградуваат во нивните планирања.

Училиштето нема покренато иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми. Но им овозможува потполна слобода на наставниците во соработка со учениците и родителите да ги планираат слободните ученички актовности. Во училиштето се реализираат 25 слободни ученички активности- секции: ликовна секција, млади хемичари, млади биолози, секција по природни науки, драмско-рецитаторска секција, литературна секција, историска секција, географска секција,, музичка секција, математичка секција, секција по англиски и германски јазик, спортска секција, хор и оркестар, планинарска секција, сообраќајна секција, со кои се опфатени голем број на ученици кои имаат потполна слобода во изборот на секцијата како и поддршка од наставниците во осмислувањето на содржините и активностите кои ќе ги реализираат. Речиси сите ученици се вклучени во најмалку една секција.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето во последните три учебни години реализира бројни воннаставни активности кои во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците и им помагаат во развојот на граѓанските и општествени компетенции за доживотно учење. Во училиштето редовно се реализираат активности од типот на: хуманитарни акции, културни и спортски манифестации, активности за одбележување на денот на училиштето како и на настани и манифестации од локален и државен карактер, одбележување на меѓународни денови на детето, на планетата земја, на штедењето, на шегата, на Ромите, на жената, на мајчиниот јазик, на автомобилите. Се организираат еколошки денови, новогодишен и велигденски базар, обуки и работилници во соработка со разни установи како со Министерство за внатрешни работи, Центарот за јавно здравје, градската библиотека и невладиниот сектор, Центар за социјална работа, Мировен корпус како и учество во волонтерски акции во организација на Црвениот Крст.

Голем број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење без разлика на нивната родова, етничка или социјална припадност. Училиштето обезбедува услови за вклучување во воннаставните активности на ученикот со посебни образовни потреби, учениците со потешкотии во учењето и ученици од семејства во социо-економски ризик. Изминатите три години учениците редовно учествуваат во: поетски читања, посети на установи какошто се: градска библиотека, детски градинки, градски музеј, полициска станица, противпожарна станица, локална телевизија, посета на фабрики, посета на сите манифестации во организација на локалната самоуправа и локалните установи меѓу кои спаѓаат „Тиквешки гроздобер“, велигденски базар, новогодишен базар и др. Секоја година се организира и реализира новогодишна

културно-забавна училишна програма, се одбележува со пригодна програма патрониот празник, ученички натпревари, конкурси и др.

Училиштето им обезбедува финансиска поддршка на учениците за учество на ученички натпревари што се организираат на регионално, државно и меѓународно ниво. Во изминатите три учебни години голем број ученици учествувале на ученички натпревари по неколку предмети: по природни науки, математика, англиски јазик, биологија , хемија , информатика, македонски јазик и тоа на општинско, регионално и државно ниво на кои имаат освоено прво, второ , трето место и пофалници за учество на истите. . Училиштето има формирано училишен спортски клуб, „Училишен спортски клуб ,,ДАГ,, – Кавадарци“ кој е активен и ги опфаќа спортските дисциплини: кошарка, фудбал, ракомет, атлетика, гимнастика.

Училиштето планира ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите во претходните две учебни пред пандемијата Ковид 19 не се реализирани поради мерките кои беа во сила за справување со пандемијата. Во минатата учебна година, 2022/23 година реализирани се планираните екскурзии и излети. Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година се планирани: еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија, настава во природа и излети во поблиската околина.

Училиштето за афирмирање на постигањата на учениците во вонаставните активности ги користи: локалните медиуми и расположивите интернет ресурси: сопствената веб-страната, веб-страната на општината, сопствената фејсбук страна, лолален информатор, локална телевизија. Во последните три години училиштето обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција само во рамките на училиштето.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува полугодишни и годишни статистички извештаи за постигањата на учениците според полот и етничката припадност, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и врши анализа на прибраните податоци.

Во изминатите три години постигањата на учениците бележи тренд на нивно зголемување. Па така, средниот успех на учениците од 4,03 во учебната 2020/21 година, 4,00 во учебната 2021/22 година се зголемил на среден успех од 4,37, во учебната 2022/23 година. Притоа, постигањата на учениците Роми се приближно помали од постигањата на учениците од македонска етничка припадност. Училиштето има потреба од анализи и конкретни препораки за активности во насока на подобрување на постигањата на учениците Роми.

Во годишните извештаи за работењето на училиштето редовно се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците: задолжително користење на компјутерите од страна на наставниците, редовно користење на активни форми и методи на работа и современи наставни средства и помагала, почитување на индивидуалните потреби и можности на учениците и редовно применување на Правилникот за пофалби и награди на учениците. Препораките се воопштени и не се конкретни по однос на квантитативно и квалитативно подобрување по наставни предмети и наставници и користењето на наставни методи и техники, нагледни средства и технички помагала. Училиштето има потреба од анализа на податоците кои ги прибира поради давање на конкретни препораки за подобрување на постигањата на учениците, а со цел да го задржи нагорниот тренд на средниот успех на учениците. Во текот на наставната година училиштето презема разни активности за подобрување на постигањата на учениците кои имаат по една и повеќе слаби оценки: советувања со учениците, советувања со родителите, добра соработка и поддршка со ромски образовен медијатор и дополнителна настава.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата на учениците од наставата и презема конкретни активности. Од споредбените анализи утврдено е дека просечниот број на оправдани изостаноци по ученик бележи благо зголемување од 31,7 во учебната 2020/21 на 34,5 во учебната 2021/22 година и 40,4 во учебната 2022/23година. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик бележи благо зголемување од 6,3 во учебната 2020/21 на 7,.2 во учебната 2021/22 година и 10,2 во учебната 2022/23 година. Притоа, просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик кај учениците Роми е значително поголем од просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик кај учениците Македонци. Училиштето прави конкретни анализи по категории во однос на причините на кои се должат овие изостаноци и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Ученици со намалено поведение по учебни години се: за 2020/21 – еден ученик , за 2021/22- 6 ученика и за учебната 2022/23- нема.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите за што води уредна евиденција. Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во основните училишта и Законот за основното образование. Во секоја учебна година се врши советување на родителите и тоа тримесечно и тос во месец ноември , февруари и во месец мај. Во учебната 2020/21 година остварени се три циклуса на советувања со вкупно 66 родители, во учебната 2021/22 година остварени се советувања со вкупно 54 родители и во учебната 2022/23 година остварени се три советувања со вкупно 61 родители. Советувањата во поголем број се по основ на нередовност во наставата и по основ на намален успех. Напоредно со советувањата во група со родители континуирано се реализираат и индивидуално советување и со родители и со учениците. Педагошките мерки по основ на неоправдани изостаноци редовно и навремено се изрекуваат. Поради бројот на неоправдани

изостаноци поведението им е намалено на 1 ученик во учебната 2020/21, на 3 ученици во учебната 2021/22 година и а во учебната 2022/23 година. изречени се 42 усни, 20 писмени опомени и 8 укори.

Ученици упатени на дополнителна настава, односно поправен испит со 1 и 2 негативни оценки по учебни години изнесува: за 2020/21 –нема, за 2021/22 –нема  и за 2022/23- 6 ученика.Ученици упатени на класен испит по учебни години: за 2021/ 21 – еден, за 2021/2г.2- шест ученици  и за 2022/23 – 4 ученици. Ученици со намалено поведение по учебни години се: за 2020/21 – еден ученик , за 2021/22- 6 ученика и за учебната 2022/23- нема.

Училиштето има систем за идентификување  и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот, но со посебни програми кои се во рамките на годишната програма за работа. Се  планираат конкретни актвности и инструменти за идентификување  и следење на нивниот напредок. Во сите одделенија најмалку еднаш годишно се прави сондажа со интерен инструмент од страна на училишниот психолог заедно  со одделенски раководители, предметни наставници за идентификување на ученици со посебни образовни потреби, за ученици со потешкотии во учењето. Пријавените ученици се опсервираат преку индивидуални средби и од посети на наставни часови на кои повремено се вклучува и делегиран дефектолог од Центарот за поддршка во Основното општинско училиште „Страшо Пинџур“-Кавадарци а наставниците добиваат препораки за прилагодување на планирањата согласно индивидуалните потреби и можности на учениците со кое  тековно се следи напредокот . Училишниот психолог за препознавање  на надарените ученици применува инструменти, односно скали за проценка на видот и степенот на надареноста, се детектираат и  ученици кои не напредуваат согласно своите можности и се работи на откривање на причините  и начините за отстранување насоцио-емоционалните бариери и таму  каде е потребно се дава индивидуална советодавна поддршка  за нивно надминување.

Наставниците во соработка со стручната служба им даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со пречки во развојот преку диференцирани активности во рамки на редовните часови. Во текот на целата учебна година се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето при што училиштето има делегиран дефектолог од Центар за поддршка, Основното општинско училиште “Страшо Пинџур” кој се вклучува повремено за проценка и давање насоки за поедини ученици.

Училиштето има посебна програма и план за идентификување на надарени ученици, тим за поддршка,  на надарените ученици. За учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области се реализира додатната настава. Дополнителна и додатна настава во училиштето се реализира според месечни распореди кои редовно се истакнуваат на огласна табла во училиштето. Понатаму, овие ученици се насочуваат и  учествуваат на разни конкурси, натпревари, меѓународни олимпијади а се јавуваат и како учесници на разни летни и зимски училишта за надарени ученици во одредена област. Учениците и родителите се задоволни од поддршката која училиштето им ја обезбедува на учениците преку дополнителната и додатната настава. Во редовната настава одреден број наставници избираат активности прилагодени на можностите и потребите на надарените ученици и учениците со тешкотии во учењето.

Од одржаните натпревари на оштинско, регионално и државно ниво учениците се здобиле со следниве награди: на општински натпревари во учебната 2020/21 год. освоени се едно прво и едно трето место по предметот ликовно образование, шест први една втора и две трети награди по предметот математика, една прва награда по предметот природни науки, две први места и едно второ место по предметот англиски јазик. Награди на општинско ниво за учебната  2021/22 год.  постигнати се резултати по предметот хемија, две трети награди и една втора награда; по предметот биологија седум трети,  шест, втори и една прва награда, четири први , едно трето и едно прво место; по предметот математика, една прва четири втори и три трети награди; по предметот природни науки, три први, шест втори и две трети награди по предметот англиски јазик. Во учебната 2022/23 год.  на општински натпревари постиганати се резултати по

предметот хемија освоени се две втори награди, пет трети и три втори награди; по предметот биологија, едно трето место; по предметот математика, осум трети и една втора награда; по природни науки, две втори и едно трето место екипно на наптревар во кошарка.

На регионални натпревари во учебната 2020/21 год. освоено е една трета награда по предметот биологија, пет први награди и две втори; по предметот математика, една трета награда; по предметот природни науки, две први места и три втори места по предметот англиски јазик. Во учебната 2021/22 година освоени награди на регионални наптревари се: трето место по предметот иновации; една трета награда по предметот хемија; седум трети и три втори награди по предметот биологија; пет трети награди по предметот природни науки; пет втори и пет трети места по предметот англиски јазик. По предметот физичко и здравствено образование освоени се едно трето место во кошарка и едно трето место во одбојка. Во учебната 2022/23 година на регионален натпревар освени се: две трети награди по предметот хемија; пет трети и една втора награда по предметот биологија; една втора и седум трети места по предметот природни науки; една втора награда по географија; една втора награда – групно на училишен хор,

Во 2020/21 учебна година на државен натпревар освоени награди се: пет први награди по предметот ликовно образование; една втора награда по предметот биологија; една втора награда по предметот математика; една втора награда по предметот информатика. Во 2021/22 учебна година на државен натпревар совоени награди се: второ место по предметот македонски јазик; прво место за колекција по ликовно образование; трето место по предметот иновации; прво место по предметот биологија. По предметот физичко и здравствено образование по дисциплини освоени се едно прво и едно второ место во гимнастика, едно второ и едно трето место во тенис и две втори места во атлетика. Во учебната 2022/23 на државен натпревар освоена е една трета награда по предметот биологија; една втора награда по предметот природни науки; една втора по македонски јазик; една втора награда по применета физика и една прва награда по географија.

Училиштето го следи квартално преминот на учениците од петто во шесто одделение, како и преминот на учениците од деветто одделение во прва година средно образование

## 2.2. Задржување/осипување на ученици

Реонот на училиштето го опфаќа централното градско подрачје. Училиштето секоја година од МВР и службите во локалната самоуправа ги добива податоците за учениците од својот реон кои треба да се запишат во прво одделение. Секоја година се обезбедуваат услови за запишување на сите деца од реонот, вклучително и на деца со посебни образовни потреби. Преку разни активности: достава на леток со потребните податоци за упис на децата во прво одделение, посети на семејства, соработка со надлежните установи, локалната заедница, ромски образовен медијатор и граѓански организации, продолжениот престој како и со видните инфраструктурни подобрувања и снабденоста на училиштето со технички средства и современи наставни помагала. Училиштето прави напори да ги запише сите деца од својот реон, но, запишувањето на учениците во прво одделение во училиштето е со благо намалување. Како причина за тоа е што во последните неколку години централното подрачје е поместено во друг реон каде популацијата во тој реон е помлада и бројот на деца, ученички обврзници таму е зголемен на сметка на реонот во кое припаѓа ова училиште. Од 56 деца запишани во прво одделение во учебната 2021/22, 48 деца се запишани во прво одделение во учебната 2022/23, додека пак во учебната 2023/24 година бројот на запишани првачиња изнесува 42 деца.

Училиштето квартално го следи бројот на испишани и придојдени ученици според полот, етничката припадност и причината за испишување, односно премин во училиштето. Во изминатите три учебни години, во друго училиштето преминале вкупно 12 ученици. Бројот на испишани ученици значително се зголемил. Од 2 ученици во учебната 2020/21, 20 ученици во учебната 2021/22 година, дури 22 ученици се испишале во учебната 2022/23 година. Од овие 16 ученици, поголем дел се испишале по основ на заминување во друга држава, дел од нив се испишале по основ на заминување во друга

општина  или преминале во други училишта во општината. Во изминатите 3 години нема осипани ученици.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминување на учениците во друго училиште се запазува постапката за уредно водење на педагошката евиденција и документација, а за придојдените ученици податоците за ученикот се земаат во предвид при натамошна образовна работа со него.

### 2.2. Повторување на учениците

Ученици кои ја ја повторувале годината по учебни години изнесува : за 2020/21 – 2 ученика, за 2021/22 – 7 ученика и за  2022/23 – нема ученици кои повторувале; вкупно за последните три учебни години се 9 ученици кои ја повторувале годината.  Ученици кои се задржани во истото одделение со согласност од родители по учебна година, бројот изнесува: 2020/21- нема задржано, 2021/22г -  5 ученика, 2022/23- 1 ученик , вкупно задржани ученици во исто одделение во последните три години се 6 ученика .

Училиштето ги идентификува  причините за задржување во исто одделение на учениците и преземените мерки влијаат врз подобрување на состојбата. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при задржување во истото одделение, односно повторување на учебната година. Во последните три години нема поднесено приговор или жалба од родител по однос на задржување на неговото дете во истото одделение.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, но има План за следење на годишни и тематско-процесни планирања на наставниците во рамките на Годишната програма за работа на училиштето и воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Пред почетокот на учебната година раководниот орган формира комисија од наставници и стручни соработници за проверка и увид во годишните и тематските планирања на наставниците. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат од комисијата според однапред утврден образец. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците при вградувањето на целите од: инклузивното образование и меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето остварува соработка со основното училиште со Центар за поддршка, Основното општинско училиште „Страшо Пинџур“ - Кавадарци од каде има делегирано дефектолог.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Дополнително наставниците планираат вградување на целите од: меѓуетничката интеграција во образованието и антикорупциско образование. Наставниците кои реализираат слободни ученички активности , односно секции, истите ги планираат, а воннаставните активности се планираат во склоп на Годишната програма. Раководителите на паралелки планираат соработка со родителите, општо-корисна работа со учениците, здравствена заштита, образование за животни вештини, ученичко организирање, соработка со локалната заедница и др. Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања и планирања за наставен час. Годишните и тематските планирања од најголемиот број наставници ги содржат речиси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од најголемиот број наставници. Поголемиот број наставници ги планираат стандардите за оценување во склоп на тематските планирања. Наставниците не ги користат информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно да ги планираат следните чекори во учењето. Во планирањата за наставен час сите наставници планираат конкретни активности на наставникот и на учениците, но планираните активности се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Ваквиот пристап блијае на ефикасното користење на времето од часот, со што дел од учениците предвреме ги постигнуваат очекуваните резултати, а дел не можат да ги постигнат.

Најголемиот број наставници разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и на ниво на училиште, а голем број изготвуваат и користат дигитални содржини.

Распоредот на редовните часови е направен според наставниот план и просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за дополнителна, додатна настава и за слободните ученички активности .

## 3.2. Наставен процес

Голем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи, но истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално и во групи, а повремено во парови и индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Голем

број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации. Мал број наставници користат разновидни техники во сите делови од часот.

Училиштето има обезбедено доволен број на лаптопи за наставниците, има вкупно 25 лап топ компјутери за наставниците, во сите училници и кабинети има лап топ компјутери. Има 8 интерактивни табли, 15 проектори и 18 таблети. Сите овие се користат од страна на наставниците за дигитални презентациии и други дигитални содржини кои насавниците ги користат при реализирањето на наставните содржини. Во кабинетот по информатика има 18 деск топ компјутери кои се целосно функционални. Компјутерите се меѓусебно мрежно поврзани и сите се поврзани со интернет. Најголемиот број наставници ја користат Информатичко комјутерска технологија при реализацијата на наставата.

Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Домашните задачи ретко се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците и нивните постигања за време на часот. Најголемиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности мал број наставници ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број од наставниците ги користат учебниците, а повремено и дополнителна прирачна литература.

Голем број наставници ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците. Тие им се јасни на голем број ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, но не е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Поголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Мал број наставници користат различни интерактивни техники. Се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги превземааат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Училиштето има Процедура и инструменти за следење на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови се истакнува распоред за посета на часови со истакната цел на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето и реализацијата на часот. По посетата, со секој наставник поедниечно се води разговор и се даваат препораки за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови кој се разгледува на наредниот состанок на наставничкиот совет. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба. Новите наставници повремено ја следат на работата на колеги од училиштето за време на час.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на училиштето. Изработките на учениците од разни работилници и воннаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има

можност да има изложен труд. Училиштето им обезбедува на учениците различни материјали при изработката на летоци, изложбени паноа и постери.

Учениците сметаат дека по најголемиот број предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење секогаш се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивни интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто тоа е преку воннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирни се: неколку хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик; редовни собирни акции за храна, облека и училишен прибор; изложбени паноа со пораки до врсниците: „Стоп за врсничкото насилство помеѓу учениците“, „Стоп за пушењето, алкохолот и дрогата и борба против трговијата со луѓе“; спортски турнири и спортски настани; едукации за превенција од насилство; кампања за врсничка поддршка и меѓученичко туторство за унапредување на постигањата; кампањи за подигање на еколошка свест; одбележување на позначајни датуми и сл.

Училиштето нуди разновидни слободни ученички и воннаставни активности преку кои се поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците. Ученичкиот парламент активно е вкучен во реализирањето на воннаставните активности како и во разни проекти кои училиштето ги работи во соработка со други установи. Во училиштето има и ученички правобранител и негови заменици кој е активен, но поголемиот број од учениците не се запознаени со неговата улога во промовирање, заштита и унапредување на нивните правата. Учениците се чувствуваат прифатени, безбедни, задоволни и среќни во паралелката и во самото училиште.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Училиштето не ги детектира систематски образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги идентификуваат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно отстранување, најчесто преку дополнителната настава и дополнително залагање на наставниците за време на часовите. Во соработка со училишниот психолог со интерен инструмент во соработка со наставниците се врши препознавање на посебните образовни потреби кај учениците преку заедничка проценка и опсервации во секое одделение и согласно тоа се даваат препораки за прилагодување на наставата и диференциран приод во рамки на редовните часови со цел излегување во пресрет на индивидуалните можности и потреби на учениците. Голем дел од наставниците планираат и реализираат диференцирани активности во рамки на редовната настава со цел излегување во пресрет на инидивидуалните можности и потреби на учениците.

Голем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни методи исто така, голем број наставници користат различни интерактивни техники и диференциран и индивидуален пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот, со што не им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. И покрај тоа што нема дефинирана политика за оценување, училиштето има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување и голем број истите ги користат при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците, но мал број наставници ги запознаваат учениците и родителите со истите. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека оценувањето е транспарентно и објективно.

Голем број наставници користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи табеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми. Приодите во оценувањето им ги ограничуваат можностите на учениците да ги подобруваат своите постигања.

Најголемиот број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, но, сите не ги искористуваат информациите добиени од следењето и вреднувањето за да ги подобрат планирањето и реализацијата на наставата и можностите на учениците да ги подобруваат своите постигања.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Голем број наставници располагаат со конкретни информации за постигањата на учениците и за истите родителите можат да се информирааат во секое време. За информирање на родителите за постигањата на учениците се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за паралелката во целина) и индивидуални средби (за конкретен ученик) со родителите. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник. Родителите имаат пристап до него и редовно добиваат известувања преку телефонски пораки. Четири пати годишно родителите добиваат  евидентни листови во кои се наведени постигањата на учениците. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и редовно ги информираат за постигањата на учениците.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Училиштето има потреба од пропишани мерки, активности и процедури за безбедност на учениците за време на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето врши редовно контролно испитување и одржување на хидрантите, противпожарните апарати и громобранската инсталација за што ги поседува потребните потврди. Тројца вработени наставници имаат сертификат за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи заради постапување во случај на елементарни непогоди и за истиот има мислење од Дирекцијата за заштита и спасување. Последна симулација за постапување во случај на елементарни непогоди е изведена во 2018 година.

Училиштето има направено статутарна измена и дополнување со која Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има интерен акт - Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Секоја година стручниот соработник, психологот во склоп на својата годишна програма за работа како и со Планот за реализација на „Училиште без насилство,“ планира и реализира разни активности со ученици и наставници и родители (предавања, работилници и истражувања) за спречување на врсничко насилство. Има примери на полесно врсничко насилство меѓу учениците, но училиштето ефикасно се справува со секаков облик на насилство манифестиран од страна на учениците преку примена на механизмите дадени во протоколот. Најголемиот број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.

Училиштето секоја година изработува и реализира програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, спречување на дискриминација и за намалување на насилството во училиштето како прилог на Годишната програма на училиштето. Со програмите се планираат: формирање на тимови, активности за запознавање на наставниците, учениците и родителите, работилници и предавања. Оваа учебна година во соработка со Министерството за внатрешни работи ,одделение Кавадарци се реализирала превентивна едукација од областа на безбедноста и сигурноста на учениците во училиштето, превенција од врсничко насилство и сајбер насилство. Исто така се реализирани и трибини од надворешен предавач за врсничко насилство. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголем број вработени во училиштето им приоѓаат чувствително на потребите и грижите на децата, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Родителите и учениците се запознати од страна на училиштето со правото и обврската за поднесување на поплаки, приговори во случај на насилство или повреда на ученичките права до класните раководители.

Во училиштето има забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училниците, канцелариите и тоалетите не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во последните три години нема пријави или сознанија за користење на алкохол и наркотични супстанции во училиштето и во училишниот двор. Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Училиштето во соработка со ОО на Црвен Крст во Велес  и Министерство за внатрешни работи ,одделение Кавадарци секоја година реализира едукативни предавања за учениците за превенција од психоактивни супстанции исто така и од страна на психологот на училиштето редовно се реализираат едукативни предавања. Со годишната програма за работа на училиштето се планираат и се реализираат предавања и работилници со ученичката заедница, изложбени паноа со пораки, како и содржини во рамки на образованието за животни вештини на класните часови за превенција од психоактивни супстанции.

Во училиштето се врши дистрибуција на ужинки за учениците од прво до петто одделение и истата е обезбедена од локалната самоуправа. Учениците од шесто до деветто одделение обезбедуваат храна сами од околните продавници за храна. Училиштето нема увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во околните продавници за храна. Училиштето во рамки на годишната програма за работа на училиштето, секоја учебна година планира активности (работилници и предавања) на тема здрава храна.

Училиштето има уредна документација со склучени  договори за закуп, за користење на просториите на училишната спортска сала.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот, со физичка попреченост. Училиштето има пристапна рампа, но, нема лифт помеѓу спратовите. Во училиштето нема ученици со интелектуална  попреченост ниту ученици со пречки во развојот, односно со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонначставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето со Програмата за хумани вредности секоја година преку хуманитарни акции обезбедува облека, средства за хигиена и дополнителни средства за училишен прибор, сликање за табло, како и учество на овие ученици во воннаставни активности (екскурзии, театарски претстави, полуматурски претстави и други приредби).

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето редовно се одржува. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот и се дезинфицираат редовно во текот на денот, пред секоја смена. Државниот санитарен инспекторат во изминатите три години нема констатирано пропусти во работењето на училиштето. Пред почетокот на секое полугодие се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училиштето со ќуќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат редовно неколку пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат по завршување на смената, другиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш полугодишно. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини и се уредени. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци и учениците ги фрлаат

отпадоците во нив. Училиштето во склоп на програмата за здравствена заштина на учениците и психологот во рамките на своето годишно планирање планираат и реализираат разни активности (работилници и предавања) за превенција од заразни болести во соработка со Црвен крст. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Последниот систематски преглед за вработените е спроведен во месец декември 2022 година. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците.

Во училиштето нема ученици со хронични заболувања. Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето доколку има такви ученици има воспоставена практика на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, но психологот во склоп на своето годишно планирање планира активности (работилници, едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици) за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр.семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми). Психологот користи инструменти за идентификување на овие ученици и презема конкретни мерки за секој ученик поединечно, ученикот и родителот да се справат со емоционалните потешкотии на ученикот. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до надлежните установи.

Во изминатите три години идентификувани се 34 ученици на кои психологот им помогнал во справувањето со нивните емоционални потешкотии поради: развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми. Има примери ученик да е упатен до надлежна установа, до Центарот за социјални работи или службени лица од Центарот за социјални работи да дојдат во училиштето.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини на учениците им обезбедува важни информаци за можностите за нивно понатамошно образование. Училиштето организира посета на отворени денови кои ги организираат средните училишта за учениците од завршното одделение кои се заинтересирани за упис во тие училишта каде им се презентираат можностите кои им ги нудат на учениците за нивно понатамошно образование. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, по завршувањето на основното образование во училиштето ја прават психологот и педагогот преку инструменти за самооценување на вештините и интересите на учениците и информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето.

### 4.4.Следење на напредокот

Наставниците во одделенска настава водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, и се грижат за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Сите раководители на паралелка изработуваат квартални извештаи за успехот, редовноста и дисциплината, односно поведението на учениците на ниво на паралелка и на ниво на одделение. Подготвените извештаи им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Од причина што не се изработуваат анализи со конкретни препораки, користењето на резултатите од извештаите не придонесува за подобрување на воспитно -образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, како и за поддршка на инклузивноста. Наставничкиот кадар ужива голема почит од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекс на однесување на учениците со бр.01-308/1 од 30.8.2023 и за наставници со бр.01-308/2 од 30.8.2023 година во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. При нивната изработка учествувале сите училишни структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените кој е на добро ниво.

Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим бр. 02-70/1 од 12.3.2021 година во чиј состав се вклучени стручните соработници и нема ангажирано образовен асистент. За активностите изготвена е програма за работа на инклузивниот тим бр.02-273/2 од 17.7.2023 година. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето бр.01-308/4 од 31.8.2023 година, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки со дел. бр. 08-325/3 од 22.10.2019 година. Во последните три учебни години изречени се вкупно 122 педагошки мерки од кои 69 усна и 32 писмена опомена, 14 укор од класен раководител, 4 за намалено поведение, 3 преместување во друга паралелка.

Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна, навредлива содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Постои работна атмосфера за време на наставата и вонанставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирано ученички парламент избран на демократски начин, со тајно гласање. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа како прилог, дел од годишната програма на училиштето, води записници од одржаните состаноци, а за реализација на програмата добива поддршка од училиштето.

Ученичкиот парламент учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив  и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

## 5.2.Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Има изготвено и Правилник за ученик на генерација бр.02-155/1 од 26.5.2020 година со критериуми за избор. Ученикот кој е првенец  добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето. Промовирањето на постигањата на учениците се врши преку јавни гласила, локалните медиуми, фејзбук страна и  родителските средби .

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Голем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2012-2013 година во училиштето се реализира

Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието и е завршен во 2016/17 година а од декември 2017 година е вклучено потвторно во новиот  проект Мултиетничка интеграција во образованието (МИО). Активностите се планирани во Годишната програма на училиштето и се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој  јазик ја посетуваат наставата. Училиштето има партнер училиште ООУ,, Дрита,,с. Рашче, Општина Сарај со кое се планирани и реализирани заеднички активности.Наставниците имаат планирано интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието.

### 5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето и презема дејствија активно да се вклучат поголем број на родители. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Комуникацијата на училиштето со родителите се спроведува преку одржување на најмалку три родителски средби во едно полугодие и се води уредна евиденција за одржаните групни родителски средби и се води евиденција за индивидуални средби со родители. Родителите учествуваат во процесот на донесување на одлуки преку советот на родители и училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, невладини организации и други институции, преку спроведување заеднички проекти, за реализирање на активностите од еколошката програма и учество на настани од интерес на заедницата.

# 4. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во ООУ „Димката Ангелов Габерот“, Кавадарци се остварува во еден објект, сопствена зграда, од тип тврда градба, изградена во 1935 година. Училиштето има  едно подрачно училиште.

Објектот е на три нивоа, од приземје и два спрата. Објектот располага со: ученички простор и канцелари кои се стара градба и со површина од 964m$^2$, спортска сала која е нова градба од 620m$^2$, котларата со магацински простор за течно гориво и топловодни пумпи  , отворени спортски терени од 800m$^2$ и дворно место од 1540m$^2$. Во училишната зграда има 15 училници, 3 специјализирани училници (кабинети), 8 канцеларии и 2 помошни простории. Големината на училниците по површина соодветствува на бројот на ученици во паралелките со над 1,5m$^2$ по ученик. Санитарните простории во училиштето се во функција. Училиштето има 3 санитарни јазли за учениците, и 2 санитарни јазли  за наставниците. Затоплувањето во училишните објекти е со сопствено парно греење на течно гориво и топловодни пумпи.

Училишниот двор е целосно заграден. Мал дел од дворот пред училиштето е хортикултурно уреден.

Во дворот на училиштето има изградено спортски терени за мали спортови кои сѐ уште не се целосно опремени со опрема.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности и во целост ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставни средства ги задоволува потребите, бидејќи училиштето располага со поголем број од потребни средства по поголем број на предмети. Во најголем број расположивите наставни средствата се користат од страна на најголем број наставници.

Училиштето располага со 25 големи лаптопи, четири  големи лаптопи за стручната служба и директорот на училиштето, во кабинетот по информатика има  18 монитори поврзани со 18 куќишта , осум интерактивни табли со уреди за интерактивни табли, седум проектори, еден ТВ уреди кај директорот  за видео надзор, пет мулти функционални штампачи фотокопири, едно електрично пијано и друга опрема.

Покрај техничките помагала, училиштето е опремено со нагледни средства по одредени предмети, како и со потребните нагледни средства за успешно реализирање на наставата од I, IX одделение каде наставата се реализира според новите наставни планови и програми.

Информатичко-компјутерска техника е инсталирана во училници, истата  е целосно функционална и се користи при реализирањето на наставата. Секој наставник и ученик преку расположивата ИКТ опрема во училиштето има неограничен пристап до Интернет.

Училиштето располага со најголем дел од потребниот книжен фонд. Секоја година училиштето го збогатува книжниот фонд со нови наслови. Училиштето набавува понова стручна литература за потребите на наставниот кадар и на учениците, согласно финансиските можности. Училиштето има библиотека која располага со вкупно 13.855 примероци на книги, од кои најголем број се детска литература и лектирни изданија 13.192 примерока и само 347 примероци се стручна литература и 316 примероци на

литература на странски јазици.. Библиотеката работи во една просторија од околу 22m$^2$, во која се сместени поголем дел на книгите. Во библиотеката работат двајца наставници кои дополнуваат до полно работно време. Работното време на библиотеката е во функција на учениците со утврден временски распоред. Евиденцијата за издадените книги и нивното враќање се води во хартиена форма. Користењето на библиотека од учениците е добро бидејќи поголемиот број ученици се запишани како корисници на книги.

Во училиштето има воспоставени договорени процедури за утврдување на потребите од наставни средства и помагала. На ниво на активи, на почеток од наставна година се утврдуват потребите од наставни средства и помагала, потрошни материјали и други средства. Раководството според финансиските можности ги одредува приоритети за снабдување со истите. Училиштето согласно расположивите средства, планира и навремено обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности, но не секогаш ги задоволува потребите. Воспитно-образовниот кадар смета дека потрошниот материјал оптимално ги задоволува потребите.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Од вкупно 71 вработени, воспитно-образовниот процес во училиштето го реализираат 56 наставници и 2 стручни соработници (педагог и психолог). Работното место библиотекар го пополнуваат 2 наставници со пола работно време до полното работно време . Останатите вработени се: директор, секретар,благајник,економ и 5 хигиеничари, хаус мајстор и 2 ложачи на парен котел.

За реализација на воспитно-образовниот процес училиштето има обезбедено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата ја реализираат 59 наставници од кои 56 се вработени во училиштето и 3 наставници (по: ликовно, истражување на родниот крај и природни науки) дополнуваат од други училишта. Од 59 вработени наставници, 20 се наставници по одделенска настава,1 наставник во продолжен престој и 38 во предметна настава. Од 59 вработени наставници, 49 се жени и 10 се мажи, сите Македонци. Со содветно образование се 58 наставници, а 1 се со несодветно образование. Според степенот на образование: 57 наставници се со високо образование, 2 со вишо образование). На неопределено работно време вработени се 46 наставник, а 13 се вработени на определено работно време. Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор. Тројца наставници приправници (2 наставници по физичко и здраствено образование и еден наставник по одделенска настав) за ментори им се назначени наставници со звање ментор од други училишта.

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба (педагог и психолог), директорот и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник.

Наставниците работат тимски во рамките на 12 стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се зема предвид соодветната квалификација согласно нормативот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето навремено обезбедува соодветна замена.

Стручната служба им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Со учениците со потешкотии во учењето работи психологот. Психологот им помага на наставниците во

следењето и работата со учениците со тешкотии во учењето. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар која е во прилог на годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има Правилник за видовите пофалби и награди за вработените, но истиот не се применува поради немање на потребните финансиски средства.

Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се во организација на Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образование , во и надвор од училиштето. Изборот на наставникот кој треба да посетува некој семинар или обука најчесто се врши договорно помеѓу наставниците. Посетителите на стручно усовршување имаат обврска да извршат дисеминација. Училиштето организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето има план за следење на наставни часови во редовната настава и истите се реализираат од страна на директорот и стручната служба. Директорот и стручната служба немаат изготвено план и иструменти за следење на дополнителна и додатна настава, воннаставните активности и слободните ученички активности.

Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. За секој наставник во училиштето има: работно досие, професионално досие и индивидуални планови за професионален и кариерен развој кои се пополнети и контролирани од стручната служба.

## 6.5. Финансиско рботење во училиштето

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Во комисиите за јавни набавки нема вклучено член од училишниот одбор. Училиштето има изготвено Годишен финансиски план за 2024 година врз основа на кој е изготвен Планот за јавни набавки за 2024 година. При креирање на финансискиот план делумно е земен во предвид предлог од ученичкиот параламент за реализација на активности на ученичкиот параламент. Финансискиот план се разгледува и се дава како предлог за усвојување од страна на училишниот одбор до основачот. Училишниот одбор на завршетокот од секоја календарска година добива извештај за финансиското работење и активности за финансиската состојба на училиштето. Училиштето секоја година изготвува Годишен финансиски извештај. Извештајот за финансиското работење се разгледува и се дава како предлог за усвојување од страна на училишниот одбор до основачот. Последните три годишни извештаи за финансиското работење се усвоени од основачот.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Контрола над финансиското работење врши Општината, преку квартални планови и извештаи кои се доставуваат редовно. Во изминатиот период нема неодобрени планови и неусвоени извештаи од основачот, со што се потврдува доброто финансиското работење.

# УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1.Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на Училишниот одбор се со легитимен мандат.Претседател на Училишниот одбор, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители.Само мал број на членови на Училишниот одбор имало обука за улогата која ја имаат како орган на управување во училиштето.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 24.10..2019 година, заведен со арх.бр 02-326/1 и ситиот со новиот закон за основното образование.

Училиштето има Статут (со бр. 01-51/1 од 23.01.2020 год.) за кој МОН има дадено согласност (со Решение УП1 бр. 18-301 од 11.02.2020 год.) .досега училиштето нема направено измена и дополнување на статутот .

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се покануваат иситите редовно присуствуваат на состаноците и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници од страна на секретарот во училиштето. Сите записници од одржаните состаноци се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година (со бр. 02-273/2 од 17.07.2023 год.) е усвоена од Училишниот одбор со Одлука со бр. 02-271/2 од 17.07.2023 год. и е донесена од Советот на општина Кавадарци со Одлука со бр. 08-5302/5 од 29.08.2023 година

Директорот на училиштето е именуван со прв мандат со Решение од страна на Градоначалникот на општина Кавадрци , со арх.бр. 10-128/1 од 04.01.2021 година,заведено воучилиштето со арх.бр. 04-1/2 од 05.01.2021 година, со мандат од четири години.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.Директорот заедно со стручната служба ја следат наставата и работат на наставниците во текот на цела наставна година , за време на едно полугодие се посетуваат сите наставници најмалку еднаш.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, и е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.Во неговиотт мандат нема изречено дисциплинска мерка за вработен во училштето.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати.Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес направено е реновирање и реконструкција на санитарните јазли за учениците и вработените во централното и подрачното училиште во с. Сопот,реновирање на училишната библиотека,

нова врата за влез во училиштето и систем за електронска евиденција на работното време ,оставување на ново осветлување со штедливи светилки во централното и подрачното училиште,промена на подот во 4 училници и 2 канцеларии,промена на целосната електрична инсталација во централното и подрачното училиште,реконструкција и спуштање на плафоните во централното и подрачното училиште,реконструкција на ѕидовите во централното и подрачното училиште,промена на греењето во централното училиште, поставени вентилоконветори,асфалтирање на школскиот двор во централното и подрачното училиште,целосно е опремен кабинетот по биологија и хемија, поставување на фото волтаици спортската сала ва централното училиште.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основното образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основното училиште. Советот на родители имаат изготвена Годишна програма за работа и деловник за работа со број 02-82/4 од 19.03.2021 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето.

Советот на родители уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се легитимни. На состанокот родителите истакнаа за многу добрата соработка со директорот на училиштето кој директно влиае подобрување со воспитно-образовниот процес.

Директорот доволно ја следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменскини транспарентно ги троши. Училиштето покрај Буџетската сметка има и сопствена сметка.

Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од изнајмување на спортската сала на здруженија на граѓани и спортски клубови.

Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се:меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

Самоевалуацијата е за учебните 2021/22 и 2022/23 години. Во Извештајот од извршената самоевалуација (со бр. 08-227/2 од28.06.2023 год.) во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено. Во

Развојната програмата за работа на училиштето (со бр. 08-385/1 од 24.11.2021г) за период од 2021 до 2025 година во која е зацртана визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработуваaат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програмата се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени (со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2024 година заведен со деловоден бр.05-28/1 од 26.01.2024 година година.

За оваа година во планот за јавни набавки е планирано финанасиски средства за: набавка на пелети, канцелариски матријали и тековно одржување Набавките се реализираат во согласност со законот за јавни набавки.

Тендерската постапка во училиштето ја спроведува комисија за јавни набавки .Во училиштето има лиценцирано лице за јавни набавки.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Силни страни

- Добро воспоставена процедура и алатки при идентификација и поддршка на ученици со потешкотии во учењето и на надарени ученици .
- Добра училишна клима и професионална соработка меѓу вработените, наставниците, родителите, учениците;
- Многу добра соработка со локалната самоуправа и деловната заедница;
- Хигиената е на добро ниво, редовно се одржуваат просториите, ходниците, санитариите и дворните места;
- Најголем број на ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа;
- Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето.

### 8.2. Слаби страни

- Училиштето нема специјален едукатор и рехабилитатор.
- Кај учениците Роми во континуитет средниот успех е значително помал од средниот успех кај учениците Македонци, а просечниот број неоправдани изостаноци е значително поголем од бројот на неоправдани изостаноци кај учениците Македонци;
- Последната симулација за постапување во случај на елементарни непогоди е изведена во 2018 година.

### 8.3. Препораки

- Да се преземат активности за докомплетирање на стручната служба со специјален едукатор и рехабилитатор.
- Да се преземат активности во насока на детектирање на причините и давање на конкретни препораки за намалување на разликата во неоправданите изостаноци по ученик и средниот успех кај учениците Роми и учениците Македонци;
- Да се преземат активности во насока на спроведување на симулација за постапување во случај на елементарни непогоди.

| | |
|---|---|
| Гордан Стојчевски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Радица Лазова, Инспектор | |
| Александар Арсов, Инспектор | |